# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 108 | Год. LXI | Понеделник, 12 декември 2005 | Цена на овој број е 300 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1477. | **Закон** за државните службеници (Пречистен текст)................................ | 2 |
| 1478. | **Уредба** за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средствата стекнати со продажбата....................... | 15 |
| 1479. | **Одлука** за распределба на вишоците на приходите над дозволеното ниво на потрошувачката во 2004 година...... | 17 |
| 1480. | **Одлука** за изземање и давање на времено користење на недвижна ствар без надомест......................................... | 18 |
| 1481. | **Одлука** за престанок на користење и за давање на користење на движни ствари.................................................... | 19 |
| 1482. | **Одлука** за продажба на удел во Друштвото фабрика за шински возила “Велес“ ЈП “Македонски железници“ ДООЕЛ - Велес.................................... | 19 |
| 1483. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за спроведување постапка за издвојување на делови од Јавното претпријатие “Македонски шуми“ и нивно организирање во друштва со ограничена одговорност - ДООЕЛ...... | 20 |
| 1484. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Агенцијата за информации.................................. | 20 |
| | **Исправка** на Одлуката за менување на Царинската тарифа на Република Македонија за 2006 година.................. | 20 |
| 1485. | **Правилник** за образецот на легитимацијата на стручните работници во центар за социјална работа, начинот на нејзиното издавање, употребата и водењето евиденција на издадените легитимации................................ | 20 |
| 1486. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на дозволата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба............... | 21 |
| 1487. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба........................ | 24 |
| 1488. | **Одлука** за отворање на Регистрациони канцеларии за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица....... | 28 |
| 1489. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата ............. | 28 |
| | **Огласен дел**.......................................... | **1-64** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1477.**

Врз основа на членот 60 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2005), Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2005 година, го утврди пречистениот текст на Законот за државните службеници.

Пречистениот текст на Законот за државните службеници ги опфаќа Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Законот за изменување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2000), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2001), Законот за изменување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2001), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2002), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2002), Законот за изменување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2003), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2003), Законот за изменување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2003), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2004), Законот за дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2004), Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2005), во кои е означено времето на нивното влегување во сила, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2001), Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/2002) и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2003).

Бр. 10-4109/2
30 ноември 2005 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија,
**Цветанка Иванова,** с.р.

# ЗАКОН
# ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници, системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, како и надлежностите на Агенцијата за државни службеници.

Член 2

Државните службеници ги вршат работите поврзани со функциите на државата во согласност со Уставот и со закон, професионално, политички неутрално и непристрасно.

Член 3

(1) Државен службеник е лице кое врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решава управни работи во согласност со Уставот и со закон.

(2) Државен службеник во смисла на став 1 од овој член е лице вработено во органите на државната управа, во општинската администрација и администрацијата на Градот Скопје и стручните служби на: Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, судовите, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, Јавното обвинителство, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за државни службеници и Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: органите од член 3 став (2) на овој закон).

(3) Одредбите на овој закон се применуваат на лицата вработени во установите на кои им се доверени јавни овластувања и на установите кои вршат дејност од јавен интерес, ако тоа е утврдено со закон.

(4) Лицето вработено во органот од став 2 на овој член, кое врши административно-технички или помошни работи нема статус на државен службеник и за него важат општите прописи за работните односи.

(5) Одредбите на овој закон не се однесуваат на воените и граѓанските лица на служба во Армијата на Република Македонија, на униформираните лица во Министерството за внатрешни работи, во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, шумската полиција, судската полиција, финансиската полиција и Царинската управа, на лицата со посебни должности и овластувања вработени во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, Управата за јавни приходи, Царинската управа, овластените државни ревизори и лицата кои вршат работи и работни задачи на државна ревизија во Државниот завод за ревизија, како и на вработените во Управата за цивилна-воздушна пловидба кои вршат работи и задачи на воздухопловен и стручен персонал од значење за безбедноста на воздушната пловидба, освен ако со друг закон поинаку не е утврдено.

Член 4

(1) При вработувањето во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во сите звања утврдени со овој закон и почитување на критериумите на стручност и компетентност.

(2) Начелата од ставот (1) на овој член, се применуваат и при вработувањето на лицата од членот 3 став (4) на овој закон.

Член 5

За прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, а се однесуваат на државните службеници, се применуваат општите прописи за работните односи.

Член 6

Системот на плати и надоместоци на плати уреден со овој закон се засновува на начелата на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Член 7

(1) Државните службеници во зависност од службените задачи што ги извршуваат се класифицираат во следниве групи и звања:
- I раководни државни службеници;
- II стручни државни службеници и
- III стручно-административни државни службеници.

(2) Раководни државни службеници се:
- генералниот секретар, државниот секретар, секретар на Градот Скопје, секретар на општина со седиште во град и секретар на општина со седиште во село;
- државен советник;
- раководител на сектор;
- помошник раководител на сектор и
- раководител на одделение.
(3) Стручни државни службеници се:
- советник;
- виш соработник;
- соработник и
- помлад соработник.
(4) Стручно-административни државни службеници се:
- самостоен референт;
- виш референт;
- референт и
- помлад референт.

(5) Генерален секретар се именува во Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител на Република Македонија, Државниот завод за ревизија, Агенцијата за државни службеници, Јавното обвинителство, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата, државен секретар се именува во министерствата и во Секретаријатот за европски прашања, секретар на град Скопје се именува во градот Скопје, секретар на општина со седиште во град се именува во општина со седиште во град и секретар на општина со седиште во село се именува во општина со седиште во село.

(6) Државните службеници од I и II група имаат високо образование, а државните службеници од III група имаат више или средно образование.

(7) На предлог на Агенцијата за државни службеници, Владата на Република Македонија со уредба го уредува описот на звањата утврдени со овој закон.

Член 8

(1) За вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници се основа Агенција за државни службеници (во натамошниот текст: Агенција), како самостоен државен орган со својство на правно лице.

(2) Агенцијата ги врши следните работи:
- подготвува и донесува прописи што се однесуваат на државните службеници за кои е овластена со закон, по претходно мислење од органите од член 3 став (2) на овој закон;
- дава писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите од член 3 став (2) на овој закон;
- развива политики и дава насоки поврзани со групите на звањата и описот на работните места, селекцијата, вработувањето и престанокот на вработувањето, соодветната и правична застапеност, платите и надоместоците на плати, оценувањето и дисциплинската одговорност;
- одлучува по жалби и приговори како второстепен орган;
- ги координира активностите што се однесуваат на стручното усовршување и обуката на државните службеници;
- води Регистар на државните службеници;
- собира и обработува податоци за вработените припадници на заедниците во органите од член 3 став (2) на овој закон;
- ја следи и се грижи за единствената примена на законите и прописите што се однесуваат на државните службеници и укажува за недоследностите во нивната примена до органите од член 3 став (2) на овој закон;
- го унапредува ефикасното и ефективното работење на државните службеници и
- врши други работи утврдени со закон.

(3) Агенцијата дава препораки и им помага на органите од член 3 на овој закон во спроведувањето на колективното договарање за вработените во овие органи кои, согласно со овој закон, не се државни службеници.

Член 9

(1) Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од 6 години.

(2) Директорот на Агенцијата има заменик кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од 6 години.

(3) За својата работа и за работата на Агенцијата, директорот и заменикот на директорот на Агенцијата одговараат пред Собранието на Република Македонија.

(4) Директорот на Агенцијата му поднесува на Собранието на Република Македонија извештај за работата на Агенцијата, најмалку еднаш годишно.

Член 10

Директорот на Агенцијата:
- ја претставува Агенцијата;
- го организира и обезбедува законитото и ефикасното вршење на работите и задачите во Агенцијата и
- донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на Агенцијата во согласност со закон.

Член 11

Директорот на Агенцијата, односно неговиот заменик се разрешува ако:
1) тоа сам го побара;
2) биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;
3) трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата што ја утврдува Собранието на Република Македонија и
4) нестручно, пристрасно и несовесно ја врши функцијата.

## II. ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 12

(1) Како државен службеник може да се вработи лице кое ги исполнува следниве општи услови:
1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да е полнолетен;
3) да има соодветен степен на образование согласно со член 7 став (6) на овој закон;
4) да го има потребното работно искуство во струката освен за звањата помлад соработник и помлад референт;
5) да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност и
6) да има општа здравствена способност.

(2) Исполнувањето на општиот услов од став (1) точка 5) на овој член се потврдува со акт кој го издава органот надлежен за водење на казнената евиденција.

(3) Со актот за организација и систематизација на работните места можат да се утврдат и посебни услови за вработување на државниот службеник.

Член 13

(1) Генералните секретари во органите од член 7 став (5) на овој закон ги именуваат овие органи самостојно од редот на раководните државни службеници во органите од член 3 став (2) на овој закон.

(2) Мандатот на генералниот секретар на Врховниот суд на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, Државниот завод за ревизија, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Агенцијата за државни службеници трае колку и мандатот на функционерот кој раководи со органот.

(3) Државниот секретар во министерството и во Секретаријатот за европски прашања го именува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот.

(4) Државните секретари се именуваат од редот на раководните државни службеници од органите од членот 3 став (2) на овој закон и нивниот мандат трае колку и мандатот на Владата.

(5) Секретарот на Градот Скопје, односно секретарот на општината со седиште во град, односно секретарот на општината со седиште во село го именува градоначалникот од редот на раководните државни службеници од администрацијата на Градот Скопје, односно општинската администрација и нивниот мандат трае колку и мандатот на градоначалникот.

Член 14

(1) Барањето за потреба од нови вработувања на државни службеници органите од член 3 став (2) на овој закон го доставуваат до Агенцијата.

(2) Државните службеници, освен генералните секретари, државните секретари, секретарот на Градот Скопје, секретарите на општините со седиште во град и секретарите на општините со седиште во село (во натамошниот текст: секретари), се вработуваат преку јавен оглас кој го објавува Агенцијата, најмалку во два дневни весници, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (2) на овој член не може да биде пократок од пет дена.

(4) Секретарот, како и функционерот кој раководи со органот од член 3 ставови (2) и (3) на овој закон во кој не се именува секретар, формира Комисија за спроведување на постапката за вработување на државен службеник, составена од три члена (во натамошниот текст: Комисија), при што без да се нарушат критериумите пропишани со закон ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член, ја сочинуваат еден раководен државен службеник, еден стручен државен службеник од органот од член 3 став (2) на овој закон и еден член од Агенцијата.

(6) По исклучок, во органите од членот 3 став (2) на овој закон во кои нема раководни државни службеници, Комисијата ја сочинуваат двајца државни службеници или двајца вработени кои немаат статус на државни службеници од органот од членот 3 став (2) на овој закон и еден член од Агенцијата.

Член 15

(1) Кандидатите кои се пријавиле на јавниот оглас од членот 14 став (2) на овој закон, освен за работните места со звање помлад соработник и помлад референт, кои ги исполнуваат условите, полагаат стручен испит. Стручниот испит се полага во Агенцијата.

(2) Агенцијата подготвува листа од најмногу пет најуспешни кандидати за секое работно место, кои го положиле стручниот испит, која ја доставува до Комисијата од член 14 став (4) на овој закон.

(3) По исклучок, листата од ставот (2) на овој член, се проширува со кандидатите кои имаат резултати како последниот кандидат од листата.

(4) Кандидатите од ставовите (2) и (3) на овој член до Агенцијата за државни службеници доставуваат докази за исполнување на условите од членот 12 на овој закон.

(5) Ако кандидат кој е на листата од ставовите (2) и (3) на овој член не докаже дека ги исполнува условите од член 12 на овој закон, тогаш на негово место доаѓа наредниот кандидат од листата.

(6) Комисијата од член 14 став (4) на овој закон спроведува интервју со кандидатите од ставовите (2) и (3) на овој член и изготвува ранг листа. Изготвената ранг листа се доставува до секретарот односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар, кој го врши изборот на кандидатот.

(7) Против одлуката од ставот (6) на овој член, кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот кога е писмено известен за извршениот избор. Агенцијата одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(8) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката од став (6) на овој член.

(9) По завршувањето на постапката за избор секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон, во кој не се именува секретар, донесува решение за вработување.

Член 16

Агенцијата со правилник ги утврдува критериумите и стандардите како и постапката за селекција и вработување на државните службеници.

Член 17

Агенцијата подготвува листа од пријавените кандидати за работно место во звање помлад соработник и помлад референт и ја доставува до Комисијата од членот 14 став (4) на овој закон.

Член 18

(1) Избраниот кандидат од членот 17 на овој закон, се вработува како државен службеник - приправник.

(2) Приправничкиот стаж за државните службеници - приправници со високо образование трае една година, а за државните службеници - приправници со више или средно образование трае шест месеци.

(3) Начинот на следењето и оценувањето на државниот службеник - приправник го утврдува Агенцијата.

(4) Државниот службеник - приправник по истекот на приправничкиот стаж полага приправнички испит пред комисијата од член 14 став (4) на овој закон.

(5) Државниот службеник - приправник се вработува како државен службеник на работното место за кое бил распишан огласот, ако го положи приправничкиот испит.

(6) На државниот службеник - приправник кој нема да го положи приправничкиот испит, работниот однос му престанува.

Член 19

(1) Стручниот испит го организира и спроведува Агенцијата.

(2) Приправничкиот испит го организира Агенцијата, а се спроведува во органот од член 3 став (2) на овој закон, каде се вработува државниот службеник.

(3) Стручниот испит се состои од општ, посебен и практичен дел. За положениот општ и практичен дел од стручниот испит, Агенцијата издава потврда која важи две години од денот на нејзиното издавање.

(4) Начинот, постапката и критериумите за спроведување на стручниот и приправничкиот испит ги пропишува Агенцијата.

(5) Програмата за полагање на стручниот и приправничкиот испит ја донесува Агенцијата за државни службеници.

Член 20

Државниот службеник, со негова согласност, може да се вработи без јавен оглас од еден во друг орган од член 3 став (2) на овој закон, ако за тоа се согласат секретарите, односно функционерите кои раководат со органите во кои не се именува секретар, по претходна согласност на Агенцијата.

Член 21

(1) Лицето кое за прв пат се вработува како државен службеник пред министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон дава и потпишува заклетва со следниов текст: "Се колнам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите и дека совесно и уредно ќе ја вршам својата должност на државен службеник".

(2) Потпишаната заклетва се чува во работното досие на државниот службеник.

(3) Ако државниот службеник одбие да ја даде и потпише заклетвата од став (1) на овој член ќе се смета дека решението за вработување не е донесено.

Член 22

(1) Функционерите кои раководат со органите од член 3 ставови (2) и (3) на овој закон донесуваат годишен план за соодветна и правична застапеност на заедниците, што го доставуваат до Агенцијата.

(2) Агенцијата донесува упатство за содржината на планот од став (1) на овој член.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 23

(1) Државниот службеник е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот и со закон.

(2) Државниот службеник е должен да ја врши својата работа непристрасно и без влијанија од политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот што го има како државен службеник и да го штити угледот на органот.

(3) Агенцијата донесува етички кодекс за државните службеници.

Член 24

(1) Државниот службеник е должен да ги извршува наредбите на функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон, односно на непосредно претпоставениот службеник и да постапува по нив во согласност со Уставот, со закон или со друг пропис.

(2) Ако државниот службеник смета дека наредбата од став (1) на овој член не е во согласност со Уставот, со закон и со друг пропис должен е за тоа да му укаже на тој кој ја издал наредбата.

(3) По повторената наредба, во смисла на став (2) од овој член, дадена во писмена форма, државниот службеник ќе постапи освен ако оцени дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен службеник од оној кој ја издал наредбата и Државната комисија за спречување на корупцијата.

(4) Ако државниот службеник не го предупреди непосредно претпоставениот службеник дека наредбата е неуставна, односно незаконита и ќе ја изврши, тој ќе одговара за нејзиното извршување, како и непосредно претпоставениот службеник.

(5) Државниот службеник не може да биде повикан на одговорност заради даденото укажување од ставот (3) на овој член.

Член 25

(1) Државниот службеник е должен да ја чува државната и службената тајна на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис.

(2) Обврската за чување на службената тајна трае до три години по престанувањето на службата.

Член 26

Државниот службеник е должен, во согласност со закон, по барање на граѓаните да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информациите од член 25 на овој закон.

Член 27

(1) Државниот службеник без негова согласност може да биде распореден во истиот или во друг орган од член 3 на овој закон, надвор од местото на неговото живеалиште во случај на вонредни околности (природни непогоди, епидемии, поплави и слично) се додека тие траат, но не подолго од три месеци.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, државниот службеник има право на надоместоци утврдени со овој закон.

Член 28

(1) Државниот службеник по потреба на органот или по негово барање, може да биде распореден во истиот орган на друго работно место, во исто звање, согласно со актот за систематизација на работните места.

(2) Лицето од член 3 став (5) на овој закон без статус на државен службеник, по потреба на органот или по негово барање, може да биде распореден во истиот орган на друго работно место во соодветно звање и да се стекне со статус на државен службеник, по претходна согласност на Агенцијата и положен стручен испит.

Член 29

Државниот службеник кој работи со странки е должен во текот на работното време на работното место да носи на видно место ознака за личното име и звањето.

Член 30

(1) Државниот службеник има право и должност стручно да се оспособува и усовршува во согласност со потребите на органот во кој е вработен.

(2) Агенцијата со акт го утврдува системот за координација на стручното оспособување и усовршување на државните службеници.

(3) Стручното оспособување и усовршување се спроведува врз основа на годишна програма донесена во тековната година за наредната година.

(4) Програмата од ставот (3) на овој член ја донесува органот од член 3 став (2) на овој закон по претходно добиено мислење од Агенцијата.

(5) За потребите од ставот (1) на овој член се обезбедуваат средства во Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината и на Градот Скопје.

Член 31

(1) Меѓусебните права и обврски на органот од членот 3 став (2) на овој закон и државниот службеник кој е упатен на стручно оспособување и усовршување по потреба на органот, се уредуваат со договор.

(2) Државниот службеник, на негово барање, а со согласност на органот, има право на неплатено отсуство во времетраење од најмногу две години, поради стручно оспособување и усовршување, кое не е финансирано од органот.

(3) Државниот службеник е должен во рок од 15 дена по завршувањето на неплатеното отсуство од ставот (2) на овој член, да се врати на работа и да биде распореден на работно место кое одговара на звањето кое го имал пред упатувањето на стручно оспособување и усовршување.

(4) За време на неплатеното отсуство од ставот (2) на овој член на државниот службеник му мируваат правата од вработувањето.

Член 32

(1) Државниот службеник има право на заштита ако кон него непосредно се упатени закани, напади и слични постапки во врска со вршењето на службените задачи.

(2) Органот во кој работи државниот службеник е должен да му обезбеди заштита на државниот службеник во случаите од став (1) на овој член.

Член 33

Државните службеници заради остварување на своите економски и социјални права имаат право да основаат синдикати и да членуваат во нив под услови и на начин утврдени со закон.

Член 34

(1) Државните службеници се должни во остварувањето на правото на штрајк да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на органот од членот 3 став (2) на овој закон, неопходното ниво во остварувањето на правата и интересите на граѓаните и на правните лица и извршувањето на ратификуваните меѓународни договори.

(2) Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон, со акт ги определува начинот на извршувањето на функциите на органот за време на штрајк, како и бројот на државните службеници кои ќе работат на извршување на овие функции и на обезбедување на условите од став (1) на овој член.

Член 35

(1) Државниот службеник со членувањето во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање својот статус на државен службеник, ниту вршењето на службените задачи кои произлегуваат од тој статус.

(2) Државниот службеник не смее директно да учествува во изборни кампањи или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време.

(3) Државниот службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во работната просторија.

Член 36

Државниот службеник има право на одмор и отсуства од работа согласно со прописите за работните односи.

Член 37

Во случај на спреченост за доаѓање на работа државниот службеник е должен да го извести непосредно претпоставениот службеник, односно секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) од овој закон, во кој не се именува секретар, во рок од 24 часа од моментот на спреченоста. Ако тоа е неможно да се стори од објективни причини или виша сила, во тој случај известувањето е должен да го стори веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

Член 38

Државниот службеник во остварувањето на правата од работниот однос има право да бара заштита пред надлежниот суд, синдикатот или друг надлежен орган во согласност со закон.

Член 39

(1) Секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар со решение го распоредува државниот службеник на работно место што одговара на неговиот степен на образование и работна способност ако бил оценет со оцената “незадоволува”.

(2) Против решението од став (1) на овој член државниот службеник може да изјави жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) На државниот службеник кој нема да го прифати распоредувањето од став (1) на овој член, му престанува работниот однос.

Член 40

Државниот службеник кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да ги извршува работите и работните задачи на државен службеник, има право во рок од 15 дена по престанувањето на вршењето на функцијата, да се врати во органот од членот 3 став (2) на овој закон, од каде што заминал на вршење на функција, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Член 41

(1) Државниот службеник кој е упатен на работа во странство во рамки на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, да се врати на работа во органот од членот 3 став (2) на овој закон, од каде што заминал во странство, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка. За време на отсуството од работа на државниот службеник му мируваат правата од вработување.

(2) На државниот службеник чиј брачен другар е упатен на работа во странство во рамки на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на негово барање му мируваат правата од вработување и има право во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство, да се врати во органот од член 3 став (2) на овој закон, од каде што заминал во странство, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Член 42

(1) По истекот на мандатот или по разрешувањето, секретарот се распоредува во истиот орган или се вработува без јавен оглас во друг орган од член 3 став (2) на овој закон, на работно место во едно од звањата од групата раководни државни службеници, но не пониско од звањето што го имал пред да биде именуван за секретар.

(2) Ако секретарот не го прифати распоредувањето од став (1) на овој член, му престанува работниот однос.

(3) До распоредувањето согласно со став (1) од овој член секретарот ќе ја прима платата што ја примал до денот на неговото разрешување, односно истекот на мандатот.

## IV. СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 43

(1) Државниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.

(2) Платите и надоместоците на плати на државните службеници се усогласуваат со средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија, во буџетот на општината и во буџетот на Градот Скопје.

Член 44

(1) Платата на државниот службеник се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента ја сочинуваат:
- основна плата;
- додаток на плата за звање и
- додаток на плата за кариера.

(3) Исклучителната компонента ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа и
- вонреден работен додаток на плата (прекувремена работа).

Член 45

(1) Со основната плата која се исплатува на државниот службеник се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација за работните места, за работното место на кое тој е распореден и работното искуство.

(2) Степенот на образование утврден за соодветната група во согласност со член 7 став (6) од овој закон се вреднува, и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| I група | високо образование | 200 бода |
| II група | високо образование | 200 бода |
| III група | вишо образование | 150 бода |
| | средно образование | 100 бода |

(3) Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието за соодветната група, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 46

(1) Со додатокот на плата за звање се обезбедува вреднување на секое звање во зависност од видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на работата.

(2) Додатокот на плата за звање се вреднува, и тоа за:

| Група | Звање | Бодови |
|---|---|---|
| I | генерален секретар | 660 |
| I | државен секретар | 625 |
| I | секретар на Град Скопје | 615 |
| I | секретар на општина со седиште во град | 550 |
| I | секретар на општина со седиште во село | 460 |
| I | државен советник | 470 |
| I | раководител на сектор | 450 |
| I | помошник раководител на сектор | 360 |
| I | раководител на одделение | 300 |
| II | советник | 235 |
| II | виш соработник | 200 |
| II | соработник | 185 |
| II | помлад соработник | 155 |
| III | самостоен референт | 150 |
| III | виш референт | 135 |
| III | референт | 120 |
| III | помлад референт | 100 |

Член 47

(1) Со додатокот на плата за кариера се обезбедува вреднување на професионалноста на секој државен службеник со што се обезбедува стимулација за успешно и стручно извршување на работите, професионален развој во звањето и постојаност во државната служба.

(2) Вреднувањето на додатокот на плата за кариера зависи од секој поединец кој треба да исполни определени услови, како што се минимален стаж во државната служба и позитивна оцена за работењето во службата согласно со член 104 од овој закон.

(3) Државен службеник кој ќе биде оценет со оценката "се истакнува" две години едно по друго може да биде унапреден во кариерата за една година порано од утврдените услови во член 49 од овој закон.

Член 48

(1) Секое звање од член 46 став (2) на овој закон освен секретарот, има четири степени на кариера на работното место на кое е распореден државниот службеник. Со степенот на кариерата се обезбедува право на исплата на додаток на плата за кариера во соодветен процентуален износ од додатокот за звање, и тоа за:

- степен А - 5 %,
- степен Б - 10 %,
- степен В - 15 % и
- степен Г - 20 % .

(2) Секој државен службеник по предлог на непосредно претпоставениот државен службеник може да се стекне со соодветниот степен на кариера на работното место на кое е распореден, а за што одлучува министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон.

Член 49

За соодветниот степен на кариера државниот службеник треба да има минимален работен стаж во државната служба, и тоа во:

- степен А, по три години работно искуство како државен службеник;
- степен Б, по три години работно искуство во степенот А;
- степен В, по три години работно искуство во степенот Б и
- степен Г, по три години работно искуство во степенот В.

Член 50

На државен службеник кој стекнал повисоко звање му се исплатува основната плата, согласно со членот 45 од овој закон и додатокот на плата за повисоко звање кое го стекнал согласно со членот 46 од овој закон.

Член 51

(1) Ако државен службеник биде оценет со оцена "незадоволува" и истиот е распореден на работно место на кое се уште нема стекнато додаток на плата за кариера, додатокот на платата за звање му се намалува за 5%.

(2) Ако државниот службеник биде оценет со оцена "незадоволува" и истиот веќе се стекнал со соодветен степен на кариера согласно со член 48 од овој закон, му се исплатува основна плата, додаток на плата за звање и додаток на плата за кариера за еден степен понизок од степенот кој го имал стекнато пред да биде оценет со оцената "незадоволува", освен во случај кога државниот службеник се распоредува на работно место во пониско звање согласно со член 39 од овој закон.

(3) Исплата на платата на државниот службеник утврдена во ставовите (1) и (2) на овој член се врши до следното оценување.

Член 52

Вредноста на бодот за платите на државните службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии, која се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на Буџетот на Република Македонија, а врз основа на вкупниот број на државни службеници распоредени по соодветните звања за тековната година.

Член 53

Вредноста на бодот за платата на вработените во општинската администрација односно администрацијата на Градот Скопје за секоја година се утврдува со одлука за извршување на буџетот на општината и буџетот на Градот Скопје.

Член 54

Вработените од член 3 став (3) на овој закон, во установите на кои им се доверени јавни овластувања и во установите кои вршат дејности од јавен интерес ќе примаат плата согласно со одредбите од овој закон.

Член 55

(1) Државниот службеник има право на додаток на платата за посебни услови за работа, и тоа за:

- ноќна работа;
- работа во смени, односно турнуси;
- работа изложена на висок ризик;
- работа за време на неделен одмор и
- работа за време на празници утврдени со закон.

(2) Работите под посебни услови од став (1) на овој член, треба да бидат предвидени во актите за систематизација на работните места во секој орган од член 3 на овој закон.

(3) Доколку државниот службеник ги врши работите од став (1) на овој член по предлог на непосредно претпоставениот државен службеник, а по одобрение на министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон, има право на додаток на плата за посебни услови за работа.

(4) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

(5) Агенцијата пропишува образец за евидентирање на работните часови поминати на работа под услови утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 56

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање по час.

Член 57

Државен службеник кој е распореден да работи во смени, односно во турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање пресметана по час.

Член 58

(1) Државен службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 10-30% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

(2) Работните места од став (1) на овој член ги утврдува Агенцијата.

(3) Висината на износот од став (1) на овој член го утврдува Владата.

Член 59

Државен службеник кој бил ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток во износ од 5% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, пресметана по час.

Член 60

Државен службеник за работа во денови на празници утврдени со закон, има право на додаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

Член 61

(1) Државниот службеник има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, доколку работел по налог на непосредно претпоставениот државен службеник.

(2) Државниот службеник кој работел подолго од полното работно време, додатокот од став (1) на овој член има право да го замени со слободни часови, односно денови.

Член 62

(1) Државниот службеник има право на надоместоци на плата согласно со прописите за работни односи.

(2) Државниот службеник има право и на други надоместоци, и тоа:

- за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство;
- за трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели;
- за трошоци за одвоен живот од семејството;
- за селидбени трошоци;
- за превоз до и од работа (над 2,5 км);
- за оброк;
- за трошоци за работа на терен;
- за трошоци за погреб во случај на смрт на државен службеник или член на неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување);
- за штета при елементарни непогоди и
- за трошок при подолго боледување на државниот службеник.

(3) Висината на надоместоците од став (2) на овој член за секоја година се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, со одлуката за извршување на буџетот на општината и буџетот на Градот Скопје.

(4) Владата на Република Македонија поблиску ја утврдува постапката и начинот на распределување на надоместоците.

Член 63

(1) Платата на државниот службеник се пресметува и исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(2) Придонесите и персоналниот данок од доход на државниот службеник ги плаќа органот од член 3 на овој закон со исплата на платата во согласност со закон.

Член 64

(1) Органот од член 3 на овој закон е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на државниот службеник му издава потврда дека се исплатени.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член се чува во работните простории на органот од член 3 од овој закон.

Член 65

(1) Ако кај државниот службеник настапи времена неспособност за работа до седум дена, државниот службеник има право на плата во висина од 70%; до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето во висина од 80% и до 60 дена за сите денови во висина од 90% од нето платата по ден на државниот службеник исплатена во претходниот месец.

(2) За професионалните заболувања и повредите на работа на државниот службеник платата се утврдува во висина од 100% од основицата утврдена во став (1) од овој член.

Член 66

За време на користење на годишен одмор, државниот службеник има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа без додатокот на плата по основа на член 55 од овој закон.

Член 67

Државниот службеник кој работи за време на празници утврдени со закон, има право на зголемена основна плата и додаток на платата за звање за 100% пресметана по час.

Член 68

За време на штрајк државниот службеник има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.

Член 69

Додека трае суспендирањето државниот службеник има право на плата во висина од 60% од последната исплатена плата во месецот пред покренувањето на дисциплинската постапка што се утврдува со решението од член 87 став (1) на овој закон.

Член 70

Државниот службеник за време на стручно оспособување согласно со член 30 од овој закон, има право на плата во износ од 100% од платата што ја примал пред заминување на стручното оспособување.

Член 71

(1) На државниот службеник кој со посебно ангажирање и квалитет во извршувањето на работата значително ќе допринесе во остварувањето на функцијата на органот од член 3 на овој закон, може да му се додели парична награда во висина до една негова плата.

(2) За паричната награда од ставот (1) на овој член одлучува министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 од овој закон, на предлог од непосредно претпоставениот државен службеник.

(3) Агенцијата донесува упатство за поблиски критериуми за доделување на паричната награда од став (1) на овој член.

Член 72

(1) На државниот службеник-приправник му припаѓа плата во висина од 80% од платата на државниот службеник - помлад референт, односно државниот службеник - помлад соработник.

(2) На државниот службеник-приправник му припаѓаат и додатоци на плата за посебни услови за работа и надоместоците, како и на државниот службеник вработен на неопределено време.

## V. ОДГОВОРНОСТ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 73

Државниот службеник лично е одговорен за вршењето на службените задачи.

### 1. Дисциплинска одговорност

Член 74

(1) За повреда на службената должност државниот службеник, освен секретарот, одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на државниот службеник.

Член 75

(1) Државниот службеник одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на став (1) од овој член, е полесна незначителна повреда на службената должност, односно полесна повреда на угледот на службата или угледот на државниот службеник.

(3) Дисциплинскиот престап во смисла на став (1) од овој член, е потешка значителна повреда на службената должност, односно потешка повреда на угледот на службата или угледот на државниот службеник.

Член 76

(1) За повреда на службената должност на државниот службеник може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1) јавна опомена;

2) парична казна во висина од 10% до 30% од висината на едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на повредата на службената должност ;

3) распоредување на работно место во пониско звање во траење од шест месеци до една година и

4) престанок на вработувањето.

(2) При изрекување на дисциплинските мерки од став (1) на овој член се земаат предвид тежината на повредата на службената должност, последиците од таа повреда, степенот на одговорноста на државниот службеник, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности.

Член 77

(1) Дисциплинска неуредност е:

1) недоаѓање на работа во определеното време и одење од работа пред истекот на работното време и покрај опомената од непосредно претпоставениот државен службеник;

2) неуредно чување на службените списи и податоци;

3) неоправдано недоаѓање на работа до два работни дена во текот на една календарска година;

4) неносење на ознаките со личното име, ако таква обврска постои;

5) неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот службеник односно функционер кој раководи со органот од член 3 став (2) од овој закон, за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од 24 часа и

6) одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое државниот службеник се упатува.

(2) За дисциплинска неуредност може да се изрече јавна опомена или парична казна во висина од 10% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисциплинската неуредност во траење од еден до три месеца.

Член 78

(1) Дисциплински престап е:

1) неизвршување или несовесно, непристојно, ненавремено или небрежно вршење на службената должност;

2) изразување и застапување на политичко уверување во вршењето на службените задачи;

3) одбивање да се даде или давање на неточни податоци на државните органи, правните лица и на граѓаните, доколку давањето на податоци е пропишано со закон;

4) незаконито располагање со материјалните средства;

5) одбивање на вршење на службените задачи од работното место на кои е распореден или одбивање на наредби од министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2), односно раководен службеник;

6) непочитување на актот од член 34 став (2) на овој закон;

7) непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети;

8) предизвикување на поголема материјална штета;

9) повторување на дисциплинска неуредност;

10) примање на подароци или друг вид корист;

11) злоупотреба на статусот или пречекорување на овластувањата во вршењето на службените задачи;

12) злоупотреба на боледување;

13) оддавање класифицирана информација со степен на тајност определен согласно со закон;

14) внесување, употреба и работење под дејство на алкохол или наркотични средства;

15) непридржување кон прописите за заштита од болест, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина;

16) поставување на личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на државен службеник и

17) навредливо или насилничко однесување.

(2) За дисциплинските престапи од став 1 на овој член се изрекува:

- парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена на државниот службеник во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап, во траење од еден до шест месеца;

- распоредување на работно место во пониско звање, во траење од шест месеца до една година, по истекот на кое државниот службеник се враќа на работното место во звање на кое бил распореден пред изрекувањето на дисциплинската мерка и

- престанок на вработувањето, кога настапиле штетни последици за органот, а притоа не се утврдени олеснителни околности за државниот службеник кој го сторил престапот.

Член 79

Збирот на паричните казни изречени на државниот службеник во еден месец за дисциплинска неуредност и дисциплински престап, не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна плата за тој месец.

Член 80

(1) Дисциплинските мерки против државниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува секретарот односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, а по претходен писмен извештај од непосредно претпоставениот државен службеник.

(2) По исклучок, во органите од членот 3 став (2) на овој закон, во кои нема раководни државни службеници, писмениот извештај го поднесува раководен службеник или функционерот кој раководи со органот.

(3) Пред изрекување на мерката државниот службеник се известува писмено за наводите што постојат против него и тој има можност да даде одговор на извештајот од став (1) на овој член.

Член 81

(1) Секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: Комисија), во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за покренување на дисциплинска постапка.

(2) Комисијата од став (1) на овој член е составена од три члена и тоа еден раководен државен службеник, еден државен службеник со звање од истата група на звања како и државниот службеник против кого се води дисциплинската постапка и еден член од Агенцијата. Членовите на Комисијата имаат заменици.

(3) По исклучок, во органите од членот 3 став (2) на овој закон во кои нема раководни државни службеници, Комисијата од став (1) на овој член ја сочинуваат двајца државни службеници од органот и еден член од Агенцијата.

(4) Комисијата од став (1) на овој член, по спроведената дисциплинска постапка му предлага соодветна дисциплинска мерка на секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар.

(5) Ако Комисијата од став (1) на овој член утврди дека државниот службеник не е одговорен или не се исполнети условите за донесување решение за изрекување на дисциплинска мерка, му предлага на секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар, да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

(6) Секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар, врз основа на предлогот на Комисијата, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка, односно за отфрлање на предлогот, односно за запирање на постапката.

(7) Решението за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на државниот службеник, по правило во работните простории на органот од членот 3 став (2) на овој закон во кој државниот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето односно престојувалиштето од кое државниот службеник секојдневно доаѓа на работа.

(8) Ако државниот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во органот од членот 3 став (2) од овој закон. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(9) Дисциплинската постапка завршува во рок од 60 дена, сметано од денот на донесување на решение за формирање на Комисијата од став (1) на овој член.

Член 82

(1) Секој државен службеник и друго лице, во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против државен службеник која треба да биде образложена.

(2) Предлог за покренување на дисциплинска постапка против државниот службеник поднесува непосредно претпоставениот државен службеник односно раководниот службеник или функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член се доставува до државниот службеник и синдикалната организација, чиј член е државниот службеник, во органот од член 3 став (2) на овој закон.

Член 83

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминал еден месец од денот кога непосредно раководниот државен службеник односно раководниот службеник или функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар, дознал за повредата на службената должност.

Член 84

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале три месеци од денот кога е сторена повредата на службената должност.

Член 85

По исклучок, за дисциплинска постапка поведена по наод на внатрешна ревизија, се применуваат роковите од член 92 и 93 од овој закон.

Член 86

Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на државниот службеник застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

Член 87

(1) Државниот службеник може да биде суспендиран од органот од член 3 став (2) на овој закон врз основа на решение на министерот, односно функционерот кој раководи со органот, а на предлог на непосредно раководниот државен службеник, односно раководниот службеник или функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар кој го поднел предлогот за покренување на дисциплинската постапка.

(2) Државниот службеник може да биде суспендиран од органот од член 3 став (2) на овој закон во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во органот додека трае постапката штетно ќе се одрази врз службата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.

(3) Суспензијата од став (2) на овој член трае до донесувањето на правосилно решение.

Член 88

Против решението од членовите 81 став (6) и 87 став (1) на овој закон државниот службеник има право да изјави жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

Член 89

Агенцијата со акт поблиску го утврдува начинот на водењето на дисциплинската постапка за утврдување на дисциплински престап.

**2. Материјална одговорност**

Член 90

(1) Државниот службеник е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на органот од член 3 на овој закон.

(2) Функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон формира Комисија за утврдување на материјална одговорност на државниот службеник.

(3) Комисијата од став (2) на овој член е составена од три члена и тоа еден раководен државен службеник, еден државен службеник со звање од иста група на звања како и државниот службеник против кого се води постапка за утврдување материјална одговорност и еден член од Агенцијата. Членовите на Комисијата имаат заменици.

(4) Комисијата од став (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(5) Комисијата од став (2) на овој член, за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон донесува решение за надомест на штета.

Член 91

Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против државниот службеник поднесува непосредно претпоставениот државен службеник, односно раководниот службеник или функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар.

Член 92

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе ако поминале 60 дена од денот кога непосредно раководниот државен службеник, односно раководниот службеник или функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон во кој не се именува секретар, дознал за тоа.

Член 93

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

Член 94

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на донесувањето на решение за формирање на Комисијата од членот 90 став (2) на овој закон.

Член 95

Против решението од членот 90 став (5) на овој закон државниот службеник има право да изјави жалба до Агенцијата, во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

Член 96

Ако државниот службеник, во рок од три месеца од конечноста на решението за надомест на штета, не ја надомести штетата, органот од членот 3 став (2) на овој закон, поведува постапка пред надлежниот суд.

Член 97

Ако државниот службеник претрпи штета на работа или во врска со работата, органот од член 3 став (2) на овој закон е должен да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 98

Органот од член 3 став (2) на овој закон е должен да ја надомести материјалната штета што државниот службеник во вршењето на службената должност ја предизвикал кон трети лица.

Член 99

Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон може целосно или делумно да го ослободи државниот службеник од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со умисла или доколку со исплата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на државниот службеник и неговото семејство.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 100

(1) Државните службеници освен секретарот во текот на нивната работа, врз основа на постојано следење секоја година се оценуваат најдоцна до крајот на првото тримесечије на наредната година за изминатата година.

(2) Државните службеници кои во текот на годината биле отсутни од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и слично), како и државните службеници кои за првпат се вработиле во органите од членот 3 став (2) на овој закон, во годината за која се врши оценувањето и работеле пократко од шест месеци, нема да бидат оценувани.

Член 101

(1) Оценувањето на државните службеници го врши непосредно претпоставениот раководен државен службеник.

(2) По исклучок, во органите од член 3 став (2) на овој закон во кои нема раководни државни службеници, оценувањето го врши непосредно повисокиот раководен службеник или функционерот кој раководи со органот.

(3) Оценувањето на државните службеници кои во текот на годината се вработиле во друг орган од член 3 став (2) на овој закон, врз основа на член 20 на овој закон или се распоредени на друго работно место во органот, го врши новиот непосредно претпоставен раководен службеник, врз основа на писмен извештај од претходниот непосредно претпоставен раководен службеник.

(4) Доколку непосредно претпоставениот раководен службеник во текот на годината го промени работното место или во случај да му престане вработувањето, оценувањето на државните службеници со кои раководел го врши новиот непосредно претпоставен раководен службеник, врз основа на писмен извештај што претходниот непосредно претпоставен раководен службеник задолжително го изготвува.

(5) Содржината на извештаите од ставовите (3) и (4) на овој член се утврдува со акт на Агенцијата од став (6) на овој член.

(6) Начинот и постапката за оценување на државните службеници се утврдува со акт на Агенцијата.

Член 102

(1) Оценувањето на државните службеници се врши врз основа на податоци што се однесуваат на резултатите од нивната работа и личните квалитети што ги покажале во текот на работењето.

(2) Податоците од став (1) на овој член се внесуваат во образец кој го пропишува Агенцијата.

Член 103

(1) Раководниот службеник кој го врши оценувањето е должен да го запознае непосредно претпоставениот раководен службеник, односно функционерот кој раководи со органот, за извршеното оценување.

(2) Органот од член 3 став (2) на овој закон е должен да достави извештај за извршените оценувања до Агенцијата најдоцна еден месец по истекот на рокот од член 100 став (1) на овој закон.

(3) Врз основа на извештајот од став (2) на овој член, Агенцијата може да побара од органот од член 3 став (2) на овој закон повторно да го спроведе оценувањето за дел или за сите државни службеници, доколку оцени дека резултатите од оценувањето се неконзистентни, некомплетни, или дека постапката за оценување не е спроведена согласно со одредбите од овој закон.

(4) Содржината на извештајот од став (2) на овој член се утврдува со актот на Агенцијата од член 101 став (6) од овој закон.

Член 104

(1) Оцената за државниот службеник може да биде “се истакнува”, “задоволува”, „делумно задоволува” и “незадоволува”.

(2) Државниот службеник кој не е задоволен од оцената од став (1) на овој член, може во рок од осум дена од денот на оценувањето да поднесе приговор до Комисијата за преиспитување на оцената, формирана од министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена, и тоа: секретарот, еден стручен државен службеник и еден државен службеник најмалку во истото звање кое го има државниот службеник кој го поднел приговорот на оценувањето.

(4) По исклучок, во органите од членот 3 став (2) на овој закон во кои нема секретар, член во Комисијата е еден раководен државен службеник.

(5) Комисијата од ставот (2) на овој член, по спроведеното преиспитување на оцената, во рок од 30 дена донесува одлука против која државниот службеник има право на жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нејзиното врачување.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ВРАБОТУВАЊЕТО

### Член 105

На државниот службеник му престанува вработувањето:
- по спогодба;
- по негово барање;
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој закон.

### Член 106

На државниот службеник му престанува вработувањето по спогодба, кога со секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, ќе склучи писмена спогодба за престанок на вработувањето.

### Член 107

(1) На државниот службеник му престанува вработувањето ако поднесе писмено барање за престанок на вработувањето.

(2) Во случај на престанок на вработувањето по барање на државниот службеник, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на вработувањето, освен ако државниот службеник и секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар поинаку не се спогодат.

### Член 108

(1) На државниот службеник му престанува вработувањето по сила на закон ако :
- ја загуби работната способност - со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на изгубената работна способност;
- му престане државјанството на Република Македонија - со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија;
- му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност - со денот на изрекувањето на казната;
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за државен службеник и за вршење на службата во органот од член 3 став (2) на овој закон - со денот на врачувањето на правосилната пресуда;
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци - со денот на стапувањето на издржување на казната и
- исполнува услови за пензија согласно закон.

### Член 109

На државниот службеник му престанува вработувањето и во случаите ако:
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три дена последователно во еден месец;
- биде оценет со оценка „незадоволува" два пати последователно или во последните пет години најмалку три пати;
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување;
- во рок од 15 дена не се врати на работа по завршувањето на стручното оспособување или усовршување согласно членот 31 на овој закон и
- органот на државната управа, надлежен за инспекцијата на трудот, во рок од една година утврди дека државниот службеник е вработен спротивно на одредбите на овој закон.

### Член 110

(1) Решението за престанок на вработувањето на државниот службеник го донесува секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар.

(2) Решението за престанок на вработувањето се врачува лично на државниот службеник, по правило во работните простории на органот од член 3 став (2) на овој закон во кој државниот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое државниот службеник секојдневно доаѓа на работа.

(3) Ако државниот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во органот од член 3 став (2) на овој закон. По изминувањето на три работни дена се смета дека врачувањето е извршено.

### Член 111

(1) Против решението за престанок на вработувањето државниот службеник има право на жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

(2) Агенцијата одлучува по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението за престанок на вработувањето, до донесувањето на конечното решение по жалбата.

### Член 112

(1) Во случај на укинување или обединување на органот, намалување на надлежностите, намалување на обемот на работата или промена на внатрешната организација со укинување на работните места заради структурни промени во органите од член 3 на овој закон, државниот службеник кој ги извршувал тие работи се распоредува во истиот орган на работно место во исто или пониско звање.

(2) Доколку државниот службеник во рок од еден месец не биде распореден на работно место во смисла на став (1) од овој член му престанува вработувањето.

(3) На државниот службеник кој ќе го одбие распоредувањето во смисла на став (1) од овој член му престанува вработувањето во органот од член 3 на овој закон.

(4) Кога за определен број државни службеници престанала потребата за работа при распоредувањето предност имаат државните службеници:
- самохран родител, односно усвоител на дете до седум години;
- родител со потешко хендикепирано дете;
- инвалид на трудот и
- еден од брачните другари кои се вработени кај ист работодавец.

(5) Во случај на престанок на вработувањето во смисла на ставовите (2) и (3) на овој член, државниот службеник ги има правата утврдени со Законот за работните односи и со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

## VIII. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Член 113

(1) Државниот службеник на кој со решение на првостепен орган во органот од член 3 став (2) на овој закон му е повредено право од службенички однос, има право да поднесе жалба до Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на врачувањето на решението преку првостепениот орган, освен кога со овој закон поинаку не е утврдено.

(2) Првостепениот орган е должен жалбата, со пропратните списи, да ја достави до Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

(3) По поднесената жалба од ставот (1) на овој член, Агенцијата одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, освен кога со овој закон поинаку е утврдено.

(4) Агенцијата при одлучувањето по поднесената жалба од став (1) на овој член, може да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена, да

ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди првостепеното решение или да ја уважи жалбата и да го укине решението на првостепениот орган и предметот да го врати на повторно одлучување.

Член 114

(1) Државниот службеник кој не е задоволен од конечната одлука донесена од Агенцијата во рокот утврден во член 113 од овој закон, има право во нареден рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежниот суд.

(2) Државниот службеник не може да бара заштита на правото пред надлежен суд, ако претходно не барал заштита на правото пред Агенцијата, односно пред Комисијата од член 116 од овој закон, освен за правото на парично побарување.

Член 115

Агенцијата со акт ги пропишува правилата на работење кога одлучува по жалба односно приговор како второстепен орган.

Член 116

Државните службеници вработени во Агенцијата, имаат право на жалба согласно со овој закон против решение со кое се одлучува за нивните права и обврски до надлежната второстепена Комисија на Владата на Република Македонија.

## IX. РЕГИСТАР НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 117

Агенцијата води Регистар на државни службеници (во натамошниот текст: Регистар), кој претставува единствена база на податоци за државните службеници.

Член 118

(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно со закон.

(2) Како класифицирани информации со степен на тајност определен согласно закон во смисла на овој закон се сметаат поединечните податоци за државните службеници, што се внесуваат во Регистарот.

Член 119

(1) Органот од член 3 став (2) на овој закон е должен секој податок за настаната промена во врска со државниот службеник да го достави до Агенцијата во рок од петнаесет дена, сметано од денот на настанатата промена.

(2) Агенцијата е должна податоците за државните службеници да ги внесе во Регистарот во рок од петнаесет дена од денот на нивното доставување.

(3) Агенцијата со правилник ги пропишува формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за државните службеници.

Член 120

(1) Податоците од Регистарот можат да ги користат само државните службеници и органите од член 3 став (2) на овој закон.

(2) Државниот службеник и органите од член 3 став (2) на овој закон, можат писмено да побараат извод од податоците кои се водат за нив во Регистарот.

(3) Органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, можат писмено да побараат збирни податоци и анализи за дел или за сите органи од членот 3 став (2) на овој закон, согласно со податоците кои се водат за нив во Регистарот.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, збирни податоци и анализи можат писмено да побараат и да користат научни и други институции за научни и истражувачки цели.

(5) Врз основа на писменото барање од ставот (1) на овој член, Агенцијата доставува одговор во рок од еден месец, освен доколку обемот и комплексноста на барањето не го оправдува продолжувањето на рокот за одговор, но не подолго од уште еден месец.

(6) Агенцијата ги известува државниот службеник и органот од членот 3 став (2) на овој закон за продолжувањето на рокот за одговор и причините за тоа.

Член 121

(1) Агенцијата подготвува годишен извештај за податоците од Регистарот.

(2) Годишниот извештај е јавен и се објавува најдоцна до крајот на првото тримесечје на наредната година за изминатата година.

(3) Агенцијата донесува акт за содржината на извештајот од став (1) на овој член.

Член 122

Во случај на несовпаѓање на податоците внесени во Регистарот со податоците од пополнетиот образец, правно валидни се податоците од образецот.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 123

Работниците кои засновале работен однос согласно со Законот за органите на управата (“Службен весник на СРМ” бр. 40/90 и “Службен весник на Република Македонија” бр. 63/94 и 63/98), кои вршат работи од членот 3 став 1 на овој закон, со денот на влегувањето во сила на овој закон, се распоредуваат како државни службеници во звање согласно со членот 7 на овој закон и ќе примаат плата соодветна на звањето и работното место на кое се распоредени согласно со актот за систематизација на работните места, според постојниот начин на исплата на плати во органите од членот 3 на овој закон, сѐ до отпочнување на примената на системот на плати утврден согласно со овој закон.

Член 124

Раководните работници именувани според Законот за органите на управата со денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнуваат звање согласно со членот 7 од овој закон и ќе примаат плата соодветна на звањето и работното место на кое се распоредени согласно со актот за систематизација на работните места, според постојниот начин на исплата на плати во органите од членот 3 на овој закон, сѐ до отпочнување на примена на системот на плати утврден согласно со овој закон.

Член 125

За генерален, односно државен секретар во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон, можат да се именуваат и лица кои не се вработени во органите од член 3 став (2) на овој закон.

Член 126

Прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 127

До донесување на прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе продолжат да се применуваат прописите и другите акти кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 128

Актите за организација и систематизација на работните места, како и другите акти, министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон ќе ги донесе во рок од три месеци по донесувањето на прописите што ќе ги донесе Владата, односно Агенцијата.

Член 129

(1) Агенцијата почнува со работа со денот на именувањето на директорот.

(2) Владата во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го именува директорот на Агенцијата.

(3) Во рок од 30 дена од денот на именувањето на директорот на Агенцијата, ќе се донесат актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата.

Член 130

Со денот на влегувањето во сила на овој закон работниците кои засновале работен однос согласно со Законот за органите на управата и немаат статус на државни службеници согласно со член 3 став (4) од овој закон продолжуваат да работат на работните места и да ја примаат платата која ја имале пред влегувањето во сила на овој закон сé до уредувањето на нивните плати согласно со член 8 став (3) од овој закон.

Член 131

Државен службеник кој на денот на влегување во сила на овој закон е распореден на работно место за кое не ги исполнува пропишаните услови по однос на степенот на образованието, бидејќи има понизок степен на образование од пропишаниот во актот за систематизација на работните места, го задржува распоредувањето на работното место за кое е пропишано повисок степен на образование и плата, ако на денот на влегувањето во сила на овој закон има уште пет години до остварувањето на правото на старосна пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 132

Дисциплинските постапки кои се во тек ќе завршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 133

Вработените приправници во органите од член 3 на овој закон кои го имаат тој статус на денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе го полагаат приправничкиот испит според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 134

(1) Одредбите од “Глава IV - Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници” ќе се применуваат од 31 март 2006 година, освен одредбите кои се однесуваат на основната компонента без додаток на плата за кариера кои ќе започнат да се применуваат етапно од 1 април 2004 година, а нивната целосна примена ќе се реализира од 31 март 2006 година.

(2) Министерот за финансии со упатство ќе го утврди начинот на пресметката и исплатата на платите од ставот 1 на овој член.

Член 135

(1) Заради примена на начелото на соодветна и правична застапеност и за вработување на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, како стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници преку спроведување на обука за работа во државната служба, Владата на Република Македонија донесува посебна одлука.

(2) Со одлуката од ставот (1) на овој член особено се уредуваат огласувањето на потребата за вработување на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, распишувањето на оглас за пријавување на кандидати за следење на обуката за работа во државната служба, спроведувањето на обука, утврдување на орган задолжен да изврши селекција на пријавените кандидати, утврдување на услови кои треба да ги исполнат кандидатите, дефинирање на критериумите врз основа на кои се врши селекција на пријавените кандидати, утврдување на субјект задолжен да ја организира и спроведе обуката, утврдување на периодот за кој се спроведува обуката и друго.

(3) За припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија кои успешно завршиле обука за стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници, успешната обука се смета за положен стручен испит, како и приправнички испит и истите нема да го полагаат испитот со членот 15 од овој закон.

(4) Припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија кои успешно ќе ја завршат обуката за стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници, се вработуваат и распоредуваат во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон без објавување на јавен оглас и за истите не се применуваат одредбите од членовите 14, 15, 17, 18 и 19 на овој закон.

(5) Распоредувањето на стручните државни службеници и стручно-административните државни службеници од ставот (4) на овој член во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон го врши Владата на Република Македонија.

Член 136

Спроведувањето на обуката за работа во државната служба за припадниците на заедниците што не се во мнозинство во Република Македонија и нивното вработување од членот 134 на овој закон ќе се применува до 31 декември 2006 година.

Член 137

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон.

Член 138

Актите од член 8 став (4) и член 16, Агенцијата ќе ги донесе во рок од три месеци, а актите од член 23 став (3), член 58 став (2) и член 71 став (3) во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 139

Одредбите од “Глава VI – Оценување на државните службеници” ќе се применуваат од 1 јануари 2005 година.

Член 140

Одредбите од “Глава IV – Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници” ќе се применуваат од 1 јануари 2005 година.

Член 141

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а одредбите од “Глава IV - Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници” ќе се применуваат од 1 јануари 2005 година.

Член 142

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 143

За секретар на градот Скопје, односно секретар на Општина со седиште во град, односно секретар на општина со седиште во село, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, можат да се именуваат и лица кои не се вработени во администрацијата на Градот Скопје и општинската администрација.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1478.**

Врз основа на член 87 став 4 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2005 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА И ПОСТАПУВАЊЕ СО СТОКА КОЈА Е ОДЗЕМЕНА ИЛИ КОЈА Е ОТСТАПЕНА ВО КОРИСТ НА ДРЖАВАТА И ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА СТЕКНАТИ СО ПРОДАЖБАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со оваа уредба се пропишува начинот на продажбата и постапувањето со стоката која е одземена или отстапена во корист на државата и начинот на распределба на средствата стекнати од продажбата.

(2) Како стока од став 1 од овој член се смета:

- странска стока која била конечно одземена врз основа на одредбите на Царинскиот закон;
- странска стока која била задржана врз основа на Царинскиот закон и за којашто органот кој ја води постапката донел одлука истата да се продаде;
- стока, која била отстапена на царинскиот орган, во корист на државата;
- друга стока, која што ја продава царинскиот орган, кога со посебни прописи е овластен за продажба на таа стока.

Член 2

(1) За странска стока чиј сопственик не е познат, царинскиот орган на својата огласна табла објавува список, со опис на стоката, којшто мора да остане истакнат најмалку 30 дена.

(2) Стоката од став 1 на овој член се чува најмалку 30 дена. Доколку за тоа време сопственикот не се јави, не го регулира царинскиот статус на стоката, не ја преземе стоката, не ги подмири трошоците во врска со складирање и транспорт на стоката, стоката ќе се продава или уништува согласно оваа уредба.

Член 3

(1) Стоката од член 1 од оваа уредба ја продава царински орган определен со акт за внатрешна организација и систематизација на работните места на Царинската управа на Република Македонија ( во продолжение: царински орган надлежен за работа за продажба).

(2) Во врска со стоката, Директорот на Царинската управа може да овласти трговско друштво, друго правно лице или физичко лице за вршење на одделни услуги во врска со стоката од член 1 од оваа уредба.

### II. ПОДГОТОВКА НА СТОКАТА ЗА ПРОДАЖБА

Член 4

(1) Царинскиот орган којшто ја презема стоката од член 1 од оваа уредба, ја прегледува стоката и во врска со тоа составува записник во два примероци. Записникот содржи податоци за видот и количината на стоката, како и опис на стоката, која ја презема царинскиот орган.

(2) Царинскиот орган којшто ја презема стоката заедно со еден примерок од записникот од став 1 на овој член ја предава на царинскиот орган надлежен за работите за продажба.

Член 5

(1) За подготовка на продажбата, Директорот на Царинската управа, формира комисија (во продолжение: комисија) која се состои од претседател и двајца членови од редовите на вработените во Царинската управа.

(2) Задачите на комисијата е да изврши:

- проценка на вредноста на стоката,
- проверка на постоењето на условите за продажба,
- утврдување дали стоката одговара на сите прописи кои се на сила во Република Македонија,
- определување на начинот на продажба на стоката,
- составување на список на стоката за продажба,
- определување на тарифната ознака и увозните давачки,
- составување на записник за својата работа.

(3) Комисијата проверува дали стоката наведена во списокот на стока за продажба, одговара на податоците во записникот за презземената стока од член 4 став 1 од оваа уредба.

(4) После проценката на вредноста на стоката комисијата го дополнува списокот на стоката за продажба со податоци за проценетата вредност.

(5) Доколку комисијата утврди дека видот, количината и состојбата на стоката не се совпаѓаат со податоците во записникот за презземената стока од член 4 став 1 од оваа уредба, тоа го забележува во записникот за својата работа.

Член 6

Царинскиот орган надлежен за работа за продажба, ќе ја пушти во продажба само стоката која одговара на прописите за внесување на стоката во царинското подрачје и за пуштање на стока во слободен промет. Стоката која не одговара на прописите , се отстранува од царинското подрачје односно се уништува.

Член 7

(1) Царинскиот орган надлежен за работите за продажба, на сопственикот на стоката или лицето на коешто гласи транспортниот документ, му дозволува да поднесе царинска декларација за царинско дозволено постапување или употреба на стоката, до последен работен ден пред денот на продажба, освен за одземена стока во прекршочна постапка.

(2) Царинскиот орган стоката ја предава на лицето од став1 на овој член, откога тоа ќе го подмири евентуалниот царински долг, како и даноците и сите други давачки кои се пресметуваат и наплатуваат при увозот и сите трошоци кои ги имал царинскиот орган за складирање, транспорт и проценка на стоката.

Член 8

Трошоците во врска со складирање и транспорт на стоката, за која е одлучено да се врати на странката, ги сноси царинскиот орган.

Член 9

За стоката која треба да се врати на странката, царинскиот орган, при предавање на стоката составува записник во којшто се наведуваат видот, количината и описот на состојбата на стоката којашто странката ја презема.

Член 10

(1) Основа за продажба на стоката е проценетата вредност од член 5 став 2 алинеа 1 од оваа уредба. При утврдувањето на вредноста на стоката се користат соодветно правилата за царинска вредност на стоката со почитување на евентуална технолошка застареност, интересност од аспект на модниот тренд и фактот дека стоката се продава без гаранција или без можност на остварување на правото на гаранција.

(2) Стоката се продава по пат на јавна лицитација, со прибирање на понуди или со непосреден договор.

### III. ПРОДАЖБА НА СТОКАТА СО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Член 11

(1) Стоката по правило се продава по пат на прибирање на понуди доколку проценетата вредност на стока од ист вид, којашто ја презел царинскиот орган во поединечна постапка, изнесува помалку од 1.000 ЕВРА во денарска противвредност.

(2) За спроведување на продажбата, Директорот на Царинската управа назначува комисија за продажба по пат на прибирање на понуда. Комисијата за продажба има претседател и двајца членови од редот на вработените во Царинската управа.

(3) Комисијата за продажба објавува повик за прибирање на понуди по правило на огласната табла на царинскиот орган овластен за продажба. Повикот се истакнува на таблата најмалку 15 дена пред склучување на договорот со најповолниот понудувач. Во повикот треба да биде наведено каде и кога ќе биде овозможено да се прегледа стоката којашто се продава и кога е последен ден за предавање на понуди.

(4) Комисијата за продажба ги разгледува понудите и избира најповолен понудувач.

## IV. ПРОДАЖБА НА СТОКАТА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 12

Царинскиот орган надлежен за работите за продажба со непосредна спогодба смее да продаде животни, стока која брзо се расипува и отпадоци и остатоци кои се продаваат на трговско друштво за собирање на отпад.

## V. ПРОДАЖБА НА СТОКАТА СО ЈАВНА ЛИЦИТАЦИЈА

Член 13

(1) Стоката за која комисијата од членот 5 од оваа уредба ја проценила вредноста над 1.000 ЕВРА во денарска противвредност, по правило се продава по пат на јавна лицитација.

(2) Јавна лицитација на стоката спроведува комисија за продажба назначена од страна на Директорот на Царинската управа. Комисијата за продажба по пат на јавна лицитација има претседател и двајца членови од редовите на вработените во Царинската управа.

(3) Јавната лицитација се објавува со оглас во најмалку два дневни весника и најмалку десет дена пред денот определен за спроведување на јавната лицитација. Во огласот за јавна лицитација мора да бидат наведени услови на лицитација, податоци за видот, количината и состојбата на стоката, почетна цена, ден, време и место на лицитација, износ и начин на уплаќање на кауција за учество на лицитацијата како и ден, време и место кога и каде ќе биде овозможен преглед на стоката којашто се продава.

Член 14

(1) На јавната лицитација на стока од член 1 од оваа уредба можат да учествуваат правни лица со седиште на територијата на Република Македонија доколку ја уплатат пропишаната кауција и доколку се регистрирани за промет со стока која се продава по пат на лицитација и тоа треба да го докажат со извод од судски регистар не постар од 60 дена.

(2) На јавната лицитација не смеат да учествуваат лица вработени во царинската служба, нивни содружници односно лица со кои живеат во заедница.

(3) Пред започнувањето на јавната лицитација понудувачите мораат да уплатат кауција на сметката определена од царинскиот орган надлежен за работа за продажба или да приложат банкарска гаранција со кој се гарантира плаќање на кауцијата и која изнесува 10% од почетната цена на стоката која планираат да ја купат, но износот не може да биде помал од 100 ЕВРА во денарска противвредност.

(4) На јавната лицитација учествува само понудувач којшто ќе приложи доказ за уплатена кауција.

Член 15

(1) Стоката се дава на лицитација со почетна цена којашто е еднаква со проценетата вредност утврдена од страна на комисијата од член 5 на оваа уредба.

(2) Првата лицитација смее да се спроведе само доколку учествуваат најмалку тројца понудувачи.

(3) Се смета дека лицитацијата била успешна доколку барем тројца понудувачи понудиле повисока цена од почетната.

(4) Стоката на лицитацијата се продава на купувач кој што понудил највисока цена.

(5) Ако првата лицитација не успее, се закажува втора која може да се спроведе доколку учествуваат барем двајца понудувачи. Објавувањето на втората јавна лицитација мора да ги содржи истите податоци како првата, а во огласот треба да биде дополнително наведено дека се работи за втора лицитација. Почетната цена на стоката од првата лицитација може да се намали за соодветен процент, но најмногу до половината од износот на проценетата вредност.

(6) Ако првата јавна лицитација била неуспешна бидејќи немало понудувачи, комисијата за продажба издава одлука стоката да се продаде по пат на прибирање на понуди а не со закажување на втора лицитација.

(7) Во случај да се изведе втора лицитација и ако е и таа неуспешна, стоката се продава по пат на прибирање на понуди или со непосреден договор.

(8) Ако стоката не се продаде согласно одредбите од овој член, истата се уништува или бесплатно отстапува согласно оваа уредба.

Член 16

(1) Комисијата за продажба составува записник за текот на лицитацијата. Во него се запишуваат податоците за стоката, почетната цена, учесници на лицитацијата, дадени понуди, постигната продажна цена и купувач.

(2) Записникот за јавна лицитација го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата за продажба, купувачот и присутните понудувачи.

(3) Записникот за јавна лицитација се истакнува на огласната табла на царинскиот орган надлежен за работите за продажба, во рок од два дена по завршената продажба и мора да остане истакнат три дена. Учесниците на јавната лицитација можат против работата и постапката на комисијата за продажба да поднесат приговор кај царинскиот орган надлежен за работите за продажба во рок од три дена по објавувањето на огласната табла, но само доколку приговорот усмено и го најавиле на комисијата за продажба во рок од еден час по завршувањето на лицитацијата.

(4) За приговорот одлучува царинскиот орган надлежен за работите за продажба во рок од три дена по неговото поднесување. Стоката, во врска со којашто бил поднесен приговор, несмее да му се предаде на купувачот се додека не заврши постапката во однос на приговорот.

## VI. ПЛАЌАЊЕ НА ОТКУПНАТА ЦЕНА И ОДРЕДУВАЊЕ НА БИЛО КОЕ ЦАРИНСКО ДОЗВОЛЕНО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ УПОТРЕБА НА СТОКАТА

Член 17

(1) По завршувањето на продажбата, купувачот на стоката, мора веднаш да започне со вршење на сите потребни формалности за одредување на било кое царинско дозволено постапување или употреба на стоката.

(2) Кога со продажба по пат на јавна лицитација, прибирање на понуди или непосреден договор, стоката се пушта во слободен промет, царинскиот орган надлежен за работите за продажба, на износот на откупната цена ги пресметува и увозните давачки и другите давачки кои се плаќаат при увозот на стоката и истите ги наведува, според видот на давачките, во пресметката која му ја издава на купувачот во рок од три дена по продажбата, односно во рок од три дена по завршувањето на постапката за приговор.

(3) На сметката, определена од страна на царинскиот орган надлежен за работите продажба, купувачот мора, во рок од петнаесет дена од продажбата односно петнаесет дена од завршувањето на постапката во врска со приговорот, да ја уплати откупната цена, пресметаните увозни давачки и други давачки кои се плаќаат при увоз, ако со продажбата стоката се пушта во слободен промет.

(4) Уплатената кауција се одбива од откупната цена.

(5) Купувачот не може да ја преземе стоката се додека не ја плати целата откупна цена и пресметаните увозни давачки и другите давачки кои се плаќаат при увоз ако стоката е пуштена во слободен промет.

(6) Купувачот мора да ја преземе стоката во рок од три дена од уплатата на откупната цена, пресметаните увозни давачки и другите давачки кои се плаќаат при увоз ако со продажбата стоката е пуштена во слободен промет.

(7) Ако купувачот по завршувањето на продажбата, наместо пуштање на стоката во слободен промет, бара некое друго царински дозволено постапување или употреба, стоката може да се пушти под услови од став 5 на овој член, врз основа на соодветна царинска декларација.

Член 18

(1) Ако купувачот не ја плати откупната цена или пресметаните увозни давачки и другите давачки во случај на пуштање во слободен промет во рокот од член 17 став 3 на оваа уредба, истиот го губи правото на поврат на кауцијата а предметната стока повторно се дава на продажба по пат на јавна лицитација.

(2) Ако купувачот не ја преземе стоката во рокот од член 17 став 6 на оваа уредба, стоката повторно се продава по пат на јавна лицитација. Износот на платената откупна цена, намалена за трошоците на јавната лицитација и трошоците за складирање и транспорт на стоката кои се создале по истекот на рокот за преземање на стоката до продажба односно уништување, му се враќа на купувачот на негово барање.

(3) Уплатената кауција односно приложената банкарска гаранција на учесниците на јавната лицитација кои на лицитацијата не успеале, им се враќаат најдоцна во рок од пет дена после завршувањето на лицитацијата.

(4) На учесникот на лицитацијата којшто ја напуштил лицитацијата пред таа да заврши, кауцијата односно приложената банкарска гаранција не му се враќаат.

Член 19

(1) Ако царинскиот орган ги сноси трошоците за транспорт, складирање, продажба на стоката и други трошоци и трошоци за извршени услуги, тие се подмируваат од платената откупна цена за таа стока или од друга стока.

VII. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА СТЕКНАТИ СО ПРОДАЖБА

Член 20

(1) Пресметаните увозни давачки и другите давачки кои се наплаќаат при пуштање на продадената стока во слободен промет се уплаќаат на соодветните буџетски сметки на Република Македонија.

(2) Доколку услугите за продажба (продажба, складирање, транспорт) ги врши овластено трговско друштво, царинскиот орган и овластеното трговско друштво до 10 во месецот за претходниот месец составуваат пресметка, која овластеното трговско друштво го доставува на оверка до царинскиот орган.

(3) Согласно оверената пресметка, од став 2 на овој член, овластеното трговско друштво, до 20 во месецот за претходниот месец, пресметаните увозни давачки и другите давачки кои се наплаќаат за продадената стока пуштена во слободен промет се уплаќаат на соодветните сметки на Буџетот на Република Македонија.

(4) Од средствата остварени со продажба на стоката се подмируваат трошоците за собирање, транспортирање, чување и продажба на сета стока која била продадена, уништена, отстапена бесплатно или за стока која по продажбата била ставена во друга царински дозволено постапување или употреба.

VIII. БЕСПЛАТНО ОТСТАПУВАЊЕ НА СТРАНСКА СТОКА И ДРУГО ПОСТАПУВАЊЕ СО СТРАНСКА СТОКА

Член 21

(1) Одземената стока може бесплатно да им се отстапи на државни органи и хуманитарни организации, согласно став 1 на член 87 од Царинскиот закон.

(2) По преземање на бесплатно отстапена стока од став 1 на овој член, државните органи и хуманитарните организации мора веднаш да го регулираат царинскиот статус на таа стока.

(3) Трошоците за складирање, превоз и друго, за стока која бесплатно се отстапува или уништува, се подмируваат од откупната цена на други продадени стоки.

IX. УНИШТУВАЊЕ НА СТОКА

Член 22

(1) Ако стоката не се продаде или бесплатно не се отстапи согласно член 21 од оваа уредба, таа се уништува согласно посебни прописи.

(2) Царинскиот орган може да ја уништи стоката и во случаи кога трошоците за складирање, продажба и другите трошоци во врска со стоката би изнесувале колку и добивката од продажбата или поголеми од добивката од продажбата.

X. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Ако постапката на продажба на царинската стока започнала пред влегувањето во сила на оваа уредба, продажбата на стоката се завршува согласно прописите кои важеле на денот на започнувањето на постапката на продажба.

XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Со денот на отпочнување на примената на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за начинот и постапување со царинска стока и распределба на средствата стекнати од продажба ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/00).

Член 25

Оваа уредба влегува во сила сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 19-4355/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

**1479.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03 и 55/05 ), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 2004 ГОДИНА**

1. Остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачка во 2004 година во износ од 215.523.443,50 денари се распределуваат на единиците на локалната самоуправа:

| | | |
|---|---|---|
| АРАЧИНОВО | 1.236.000,00 | денари |
| БЕРОВО | 1.486.000,00 | денари |
| БИТОЛА | 10.164.000,00 | денари |
| БОГДАНЦИ | 928.000,00 | денари |
| БОСИЛОВО | 1.520.000,00 | денари |
| БРВЕНИЦА | 1.690.000,00 | денари |
| ВАЛАНДОВО | 1.267.000,00 | денари |

| | | |
|---|---|---|
| ВАСИЛЕВО | 1.292.000,00 | денари |
| ВЕВЧАНИ | 259.000,00 | денари |
| ВЕЛЕС | 5.872.000,00 | денари |
| ВИНИЦА | 2.125.000,00 | денари |
| ВРАНЕШТИЦА | 141.000,00 | денари |
| ВРАПЧИШТЕ | 2.707.000,00 | денари |
| ГЕВГЕЛИЈА | 2.450.000,00 | денари |
| ГОСТИВАР | 8.636.000,00 | денари |
| ГРАДСКО | 401.000,00 | денари |
| ДЕБАР | 2.082.000,00 | денари |
| ДЕБАРЦА | 587.000,00 | денари |
| ДЕЛЧЕВО | 1.865.000,00 | денари |
| ДЕМИР КАПИЈА | 484.000,00 | денари |
| ДЕМИР ХИСАР | 1.012.000,00 | денари |
| ДОЈРАН | 365.000,00 | денари |
| ДОЛНЕНИ | 1.446.000,00 | денари |
| ДРУГОВО | 346.000,00 | денари |
| ЖЕЛИНО | 2.599.000,00 | денари |
| ЗАЈАС | 1.237.000,00 | денари |
| ЗЕЛЕНИКОВО | 434.000,00 | денари |
| ЗРНОВЦИ | 348.000,00 | денари |
| ИЛИНДЕН | 1.694.000,00 | денари |
| ЈЕГУНОВЦЕ | 1.150.000,00 | денари |
| КАВАДАРЦИ | 4.128.000,00 | денари |
| БОГОВИЊЕ | 3.090.000,00 | денари |
| КАРБИНЦИ | 428.000,00 | денари |
| КИЧЕВО | 3.212.000,00 | денари |
| КОНЧЕ | 377.000,00 | денари |
| КОЧАНИ | 4.059.000,00 | денари |
| КРАТОВО | 1.113.000,00 | денари |
| КРИВА ПАЛАНКА | 2.219.000,00 | денари |
| КРИВОГАШТАНИ | 655.000,00 | денари |
| КРУШЕВО | 1.032.000,00 | денари |
| КУМАНОВО | 11.240.000,00 | денари |
| ЛИПКОВО | 2.883.000,00 | денари |
| ЛОЗОВО | 305.000,00 | денари |
| МАВРОВО И РОСТУША | 918.000,00 | денари |
| МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 864.000,00 | денари |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 761.000,00 | денари |
| МОГИЛА | 715.000,00 | денари |
| НЕГОТИНО | 2.047.000,00 | денари |
| НОВАЦИ | 378.000,00 | денари |
| НОВО СЕЛО | 1.233.000,00 | денари |
| ОСЛОМЕЈ | 1.110.000,00 | денари |
| ОХРИД | 5.941.000,00 | денари |
| ПЕТРОВЕЦ | 880.000,00 | денари |
| ПЕХЧЕВО | 588.000,00 | денари |
| ПЛАСНИЦА | 484.000,00 | денари |
| ПРИЛЕП | 8.180.000,00 | денари |
| ПРОБИШТИП | 1.726.000,00 | денари |
| РАДОВИШ | 3.010.000,00 | денари |
| РАНКОВЦЕ | 442.000,00 | денари |
| РЕСЕН | 1.793.000,00 | денари |
| РОСОМАН | 441.000,00 | денари |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 1.971.000,00 | денари |
| СОПИШТЕ | 603.000,00 | денари |
| СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 516.000,00 | денари |
| СТРУГА | 6.753.000,00 | денари |
| СТРУМИЦА | 5.826.000,00 | денари |
| СТУДЕНИЧАНИ | 1.838.000,00 | денари |
| ТЕАРЦЕ | 2.393.000,00 | денари |
| ТЕТОВО | 9.226.000,00 | денари |
| ЦЕНТАР ЖУПА | 695.000,00 | денари |
| ЧАШКА | 818.000,00 | денари |
| ЧЕШИНОВО | 798.000,00 | денари |
| ЧУЧЕР - САНДЕВО | 905.000,00 | денари |
| ШТИП | 5.093.000,00 | денари |
| АЕРОДРОМ | 4.604.000,00 | денари |
| БУТЕЛ | 2.312.000,00 | денари |
| ГАЗИ БАБА | 4.643.000,00 | денари |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 2.662.000,00 | денари |
| КАРПОШ | 3.815.000,00 | денари |
| КИСЕЛА ВОДА | 3.660.000,00 | денари |
| САРАЈ | 2.264.000,00 | денари |
| ЦЕНТАР | 2.904.000,00 | денари |
| ЧАИР | 4.142.000,00 | денари |
| ШУТО ОРИЗАРИ | 1.408.000,00 | денари |
| СКОПЈЕ | 21.599.443,50 | денари |
| ВКУПНО: | 215.523.443,50 | денари |

2. Единиците на локална самоуправа се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски за остварување на редовните функции на општината.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за инансии. Средствата ќе се преведат на сметките на буџетите на единиците на локална самоуправа.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-4561/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

**1480.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05) и член 16 став 2 и член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 05.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗЗЕМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Правото на користење на недвижната ствар – деловна просторија лоцирана на ул. „Маршал Тито“ бр. 17 – Велес, која што се наоѓа на КП бр. 2115, К.О. Велес, евидентирана во Имотен лист бр. 25655, со површина од 69 $м^2$ на приземје, имот во сопственост на Република Македонија се иззема од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – П.Е. – Велес и се дава на времено користење на општина Велес, а за потребите на Матичната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес, локална установа од областа на културата.

Правото на користење на недвижната ствар од став 1 на овој член се дава без надомест.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 се дава на користење за временски период од 4 години од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 од Одлуката ќе се изврши помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – П.Е. – Велес и новиот корисник Матичната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4371/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

**1481.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

На досегашниот корисник Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија му престанува користењето на движните ствари дадени во Спецификацијата на движни ствари, која е во прилог на оваа одлука.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на користење на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија.

Член 3

Примопредавањето на движните ствари од член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4104/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ

| Ред. бр. | Назив на движна ствар | Кол. |
|---|---|---|
| 1. | Вега работно биро 160*90 тип 707 | 1 |
| 2. | Вега подвижна касета тип 720 Ф | 1 |
| 3. | Вега компјутерско биро | 1 |
| 4. | Вега клуб маса 75*45 тип 377 Р | 1 |
| 5. | Вега клуб кожена фотеља | 3 |
| 6. | Вега мал ормар 90 тип 602 Р | 1 |
| 7. | Вега голем ормар 140 тип 621 Р | 2 |
| 8. | Клуб маса 75*48*45 Компо | 1 |
| 9. | Тепих Панта 164x304 | 1 |
| 10. | Закачалка | 2 |
| 11. | Вега работно биро 210*90 тип 701 Р | 1 |
| 12. | Вега работно биро 200*110 тип 703 Р | 1 |
| 13. | Вега работно биро 240*110 тип 682 Р | 1 |
| 14. | Вега подвижна касета тип 720Ф | 1 |
| 15. | Вега аголен сегмент-полукруг тип 724 Р | 1 |
| 16. | Кожена фотеља со висок наслон ЛХ203 В | 1 |
| 17. | Вега клуб маса 45*110 тип376 Р | 1 |
| 18. | Вега клуб кожена фотеља | 2 |
| 19. | Вега мал ормар 90 тип 602 Р | 3 |
| 20. | Кожена фотеља со висок наслон ЛХ 2000 | 12 |
| 21. | Телевизор ЕИ | 1 |
| 22. | Тепих Бухара | 1 |
| 23. | Тепих Панта 269 x 270 | 1 |
| 24. | Уметничка слика | 1 |

**1482.**

Врз основа на членовите 2 и 10 од Законот за трансформација на Јавното претпријатие “Македонски железници“ ЦО - Скопје, (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05) и член 5 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99 и 6/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОДАЖБА НА УДЕЛ ВО ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА “ВЕЛЕС“ ЈП “МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ ДООЕЛ - ВЕЛЕС

Член 1

Се продава удел од Друштвото фабрика за шински возила “Велес“-ЈП “Македонски железници“ - ДООЕЛ - Велес.

Член 2

Проценетата вредност во Друштвото фабрика за шински возила “Велес“ - ЈП “Македонски железници“ - ДООЕЛ - Велес изнесува 782.115 ЕУР.

Член 3

Делот од уделот во висина од 30% од проценетата вредност или износ од 234.635,50 ЕУР ќе се продаде под повластени услови согласно одредбите од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03 и 38/04) на лица кои го имале тоа право на денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Делот од уделот во висина од 70% од проценетата вредност или износ од 547.480,50 ЕУР, ќе се продаваат по пат на јавна берзанска аукција преку Македонска берза за хартии од вредност.

Член 5

Почетната продажна цена на уделот не може да биде пониска од неговата номинална вредност.

Плаќањето на уделот од член 2 на оваа одлука се врши во готово со денари или со хартии од вредност издадени од Република Македонија.

Продажбата на уделот од став 1 на овој член се врши во согласност со процедурите за тргување определени од Македонска берза.

Член 6

Налог за продажба на уделот преку Македонската берза ќе издаде министерот за економија по објавување на оваа одлука.

Член 7

Средствата од продажбата на уделот под овластени услови и уделот продаден преку Македонска берза, се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4318/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

**1483.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 6/02 и 40/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ И НИВНО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ДРУШТВА СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ - ДООЕЛ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за спроведување постапка за издвојување на делови од Јавното претпријатие „Македонски шуми“ и нивно организирање во друштва со ограничена одговорност - ДООЕЛ бр. 02-1579/2 од 4.08.2005 година, донесена на седницата на Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми“ одржана на 4.08.2005 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4358/1
5 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.

---

**1484.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003 и 55/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 ноември 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ

1. Се разрешува Веле Митаноски од должноста директор на Агенцијата за информации, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4494/1
29 ноември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за менување на Царинската тарифа на Република Македонија за 2006 година, објавена во “Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/05, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Воведните забелешки, во Делот I-Основни правила, во точка Б. Основни правила кои се применуваат за царинските давачки, во потточка 2, од наведената одлука наместо “2005 година“ треба да стои “2006 година“.

Бр. 19-4424/2
7 декември 2005 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1485.**

Врз основа на член 91-а став 4 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на Република Македонија” број 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004 и 62/2005), министерот за труд и социјална политика донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, УПОТРЕБАТА И ВОДЕЊЕТО ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ ЛЕГИТИМАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на легитимацијата на стручните работници во центар за социјална работа, начинот на нејзиното издавање, употребата и водењето евиденција на издадените легитимации ( во натамошниот текст: “легитимација”).

Член 2

Легитимацијата се издава според Образецот кој е составен дел на овој правилник.

Легитимацијата се печати на картон во бела боја со димензии 90 x 55 мм, обвиена во прозирна пластична обвивка.

Предната страна на легитимацијата содржи на најгорниот дел на десната страна назив на центарот за социјална работа, под него текст:”ЛЕГИТИМАЦИЈА НА СТРУЧЕН РАБОТНИК”, под него место за име и презиме на носителот на легитимацијата, место за занимањето на стручниот работник, а на левата страна место за слика со димензии 28 x 32 мм преку која се става печат на центарот за социјална работа, а под неа отпечатен сериски број на легитимацијата.

Задната страна на легитимацијата го содржи текстот: “Овластување - Носителот на оваа службена легитимација е вработен во центарот за социјална работа и постапува во рамките на овластувањата на центарот утврдени со закон”, под текстот од левата страна место за впишување на евиденциски број, под него место за датум на издавање, на десната страна место за потпис на директорот на центарот, а во средината место за печат.

Член 3

Стручниот работник во центарот за социјална работа, кој ќе ја изгуби или на друг начин остане без легитимацијата веднаш го известува директорот на центарот за социјална работа.

Нова легитимација ќе се издаде откако изгубената или на друг начин исчезнатата легитимација ќе се огласи за неважечка во “Службен весник на Република Македонија”.

Член 4

Стручниот работник во центарот за социјална работа на кого му престанува работниот однос ја враќа легитимација најдоцна седум дена од денот на престанокот на неговиот работен однос.

Член 5

Стручниот работник ја носи легитимацијата во работните простории на центарот за социјална работа.

Стручниот работник се легитимира со легитимацијата при вршење на увид во домот на корисникот и пред други органи и институции, при превземање на дејствија за утврдување на фактичка состојба за предмети за кои е задолжен.

Член 6

Евиденцијата за издадените легитимации, која се води во центарот за социјална работа, содржи име и презиме на стручниот работник, евиденциски број на издадената легитимација, датумот на издавањето, врачувањето и враќањето на легитимацијата, потпис на носителот на легитимацијата и забелешка.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-10439/1
6 декември 2005 година
Скопје

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

Образец на легитимација


Место за слика

(центар за социјална работа)

**Легитимација на стручен работник**

(име и презиме)

(занимање)

сериски број


Овластување

Носителот на оваа службена легитимација е работник на центарот за социјална работа и постапува во рамките на овластувањата на центарот утврдени со закон.

Евиденциски број

Датум на издавање

М.П.

Директор

**1486.**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба ("Службен весник на Република Македонија" број 82/05), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на дозволата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 2

Дозволата од член 1 на овој правилник се издава на образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-8087/6-1
29 ноември 2005 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

Образец

## ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

1

ДОЗВОЛА

1. Извозник

ЕДБ

2. Број на дозволата

2а. Број на барањето

3. Рок на важење

4. Контакт лице 1)

4а. ЕМБГ

5. Примач

6. Дозволата ја издава:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

8. Земја на потекло

Шифра 2)

7. Агент/Претставник 4)

9. Земја на испорака

Шифра 2)

10. Краен корисник (ако се разликува од примачот на стоката)

11. Земја на крајна дестинација

Шифра 2)

12. Опис на стоките 3)

13. Тарифна ознака

14. Број од контролната листа 6)

15. Валута и вредност

16. Количина и единица на мерка

17. Крајна употреба

18. Број и датум на договорот

19. Вид на царинска постапка

20. Додатни информации по барање на надлежниот орган

НАПОМЕНА

*(Пополнува органот кој ја издава дозволата)*

Потпис ______________

Датум ______________ Печат

**ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**СОДВОЈНА УПОТРЕБА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 bis | 1. Извозник ЕДБ | 2. Број на дозволата | |
| ДОЗВОЛА | 12. Опис на стоките | 13. Тарифна ознака | 14. Број од контролната листа |
| | | 15. Валута и вредност | 16. Количина и единица на мерка |
| | 12. Опис на стоките | 13. Тарифна ознака | 14. Број од контролната листа |
| | | 15. Валута и вредност | 16. Количина и единица на мерка |
| | 12. Опис на стоките | 13. Тарифна ознака | 14. Број од контролната листа |
| | | 15. Валута и вредност | 16. Количина и единица на мерка |
| | 12. Опис на стоките | 13. Тарифна ознака | 14. Број од контролната листа |
| | | 15. Валута и вредност | 16. Количина и единица на мерка |
| | 12. Опис на стоките | 13. Тарифна ознака | 14. Број од контролната листа |
| | | 15. Валута и вредност | 16. Количина и единица на мерка |

[1] *Одговорно лице чиј потпис е депониран во Централниот регистар на Република Македонија.*
[2] *Се впишува шифрата на земјата согласно на царинските прописи.*
[3] *Се впишува шифрата на валутата која е наведена во фактурата.*
[4] *Се пополнува доколку е различен од извозникот.*
[5] *Ако е неопходно, описот може да биде на еден или повеќе листови додадени на овој образец (ДУ бр. 2). Во тој случај во оваа рубрика треба да се означи точен број на додадените листови.*
[6] *Се впишуваат ознака на категоријата и групата како што се наведени во Листата на стоки и технологии со двојна употреба.*

*Напомена: Во делот 1 на колоната 22 да се внесе количината која е уште на располагање, а во делот 2 на колоната 22 да се внесе количината која се издава (отпишува) во оваа прилика.*

| 21. Нето количина /износ (Нето тежина/друга единица со ознака на единица) | | 24. Царински документ (тип и број) или извод (бр.) и дата на отпис | 25. Царинска испостава, име и презиме, потпис, печат на овој кој врши отпис |
|---|---|---|---|
| 22. Со броеви | 23. Со зборови (за издадена количина/вредност) | | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |

**1487.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба ("Службен весник на Република Македонија" број 82/05), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник, извозникот го поднесува на образец, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-8087/6-2
29 ноември 2005 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Образец
А4 формат

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

**1. ИЗВОЗНИК:**

**1.1. Име на извозникот:**

**1.2. Адреса:**

Телефон: Факс: Матичен број: Даночен број:

**1.3. Основна дејност:**

**1.4. Решение за упис во Централниот регистар на РМ:**

**2. УВОЗНИК / ПРИМАЧ**

**2.1. Име на увозникот / примачот:**

**2.2. Адреса:**

**2.3. Земја:**

**3. КРАЕН КОРИСНИК:**

**3.1. Име на краен корисник:**

**3.2. Адреса:**

**3.3. Земја:**

**4. СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ КОИ СЕ ИЗВЕЗУВААТ**

| Опис на стоките и технологиите: | Производител / сопственик<br>ЕДБ: | Број од Листата на стоки и технологии со двојна употреба: |
|---|---|---|
| | Валута и вредност: | Количина и единечна мера: |
| Опис на стоките и технологиите: | Производител / сопственик<br>ЕДБ: | Број од Листата на стоки и технологии со двојна употреба: |
| | Валута и вредност: | Количина и единечна мера: |
| Опис на стоките и технологиите: | Производител / сопственик<br>ЕДБ: | Број од Листата на стоки и технологии со двојна употреба: |
| | Валута и вредност: | Количина и единечна мера: |
| Опис на стоките и технологиите: | Производител / сопственик<br>ЕДБ: | Број од Листата на стоки и технологии со двојна употреба: |
| | Валута и вредност: | Количина и единечна мера: |
| Опис на стоките и технологиите: | Производител / сопственик<br>ЕДБ: | Број од Листата на стоки и технологии со двојна употреба: |
| | Валута и вредност: | Количина и единечна мера: |

**4.1. Хемиски состав на стоките - технички карактеристики:**

| Број на техничка спецификација: | Хемиски состав - технички карактеристики: |
|---|---|
| | |

**5. ДОГОВОР**

| 5.1. Вид на договор: | 5.2. Број и дата на потпишување: |
|---|---|
| | |

**6. РОК НА ВАЖНОСТ**

Дата на важност:

**7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ (како што се информации за употреба на стоките; технички карактеристики)**

**8. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО (вид и број)**

**9. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЛИЦЕ**

| Име и презиме: | Број на телефон: | Број на факс: |
|---|---|---|
| | | |

**10. ПОТПИС**

| | |
|---|---|
| Место и дата: | Потпис: |
| Функција во фирмата: | Име и презиме (*со печатни букви*): |

*Јас долу потпишаното одговорно лице го поднесувам ова барање за издавање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и потврдувам дека сите податоци во ова барање и прилозите се вистинити.*

_______________________

*Место и дата*

_______________________

_______________________

*(Име, презиме, функција и потпис на одговорното лице)*

**Место за печат**

## ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1488.**

Врз основа на член 17 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 84/05) и член 20 став 1 точка 6 од Статутот на Централниот регистар на Република Македонија, Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, на седницата одржана на 08.12.2005 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИОНИ КАНЦЕЛАРИИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат општините во кои Централниот регистар на Република Македонија, отвора регистрациони канцеларии за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, нивното седиште, подрачјето на општините за кои се отвораат и нивниот идентификационен број.

Член 2

За подрачјето на Градот Скопје со општините во негов состав и општините Арачиново, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден, Сопиште, Чучер-Сандево, Тетово, Теарце, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце, Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша, Велес, Градско, Чашка, Кавадарци, Росоман, Гевгелија, Неготино, Демир Капија, Богданци, Дојран, Валандово, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово, Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ќе се води во „Регионална регистрациона канцеларија Скопје“.

Седиштето е во Скопје на Булевар „Кузман Јосифовски Питу“ број 1.

Идентификационен број: 01

Член 3

За подрачјето на општините Битола, Новаци, Могила, Ресен, Демир Хисар, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Македонски Брод, Пласница, Кичево, Охрид, Струга, Другово, Осломеј, Вранешница, Зајас, Дебарца, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ќе се води во „Регионална регистрациона канцеларија Битола“.

Седиштето е во Битола на ул. „Мирче Ацев“ бр. 3, тел: 047-226-852.

Идентификационен број: 04

Член 4

За подрачјето на општините Штип, Карбинци, Свети Николе, Пробиштип, Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, Радовиш, Конче, Кочани, Лозово, Чешиново-Облешево, Зрновци, Македонска Каменица, Делчево, Берово, Виница и Пехчево, Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ќе се води во „Регионална регистрациона канцеларија Штип“.

Седиштето е во Штип на Плоштад “Слобода“ бр. 1, тел: 032- 391-333.

Идентификационен број: 07

Член 5

Оваа одлука да се објави на веб страната на Централниот регистар на Република Македонија и во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2006 година.

Претседател на УО,
**Трајко Спасовски,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1489.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 12.12.2005 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 24,023 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 23,761 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 24,185 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 27,724 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 28,240 |
| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
| - М - 1 (М) | до 16,681 |
| - М - 2 | до 16,655 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 62,00 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 58,50 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 59,00 |

| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 51,50 |

| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 41,50 |

| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
|---|---|
| - М - 1 (М) | до 20,274 |
| - М - 2 | до 20,243 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката „г“ и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 61,50 | 61,00 | 60,50 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 58,00 | 57,50 | 57,00 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 58,50 | 58,00 | 57,50 |
| Д-ДИЗЕЛ | 51,00 | 50,50 | 50,00 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 41,00 | 40,50 | 40,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 24,819 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 22,115 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 22,115 |

| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - Д (ДИЗЕЛ) | 12,220 |

| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - екстра лесно (ЕЛ) | 3,229 |

| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
|---|---|
| - М - 1 (М) | 0,100 |
| - М - 2 | 0,100 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д-ДИЗЕЛ | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М-2 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 00,01 часот на 13.12.2005 година.

Бр. 02-1571/1
12 декември 2005 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

**Поединечни и Комплет**

**CD-ROM изданија за**

**2001, 2002, 2003 и 2004 година**




- **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** **5200.00**
- **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** **1500.00**

## ПОРАЧКА

1. Порачувам ______ примерок-ци од **комплет** CD-ROM изданијата.
2. Порачувам ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година; ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година; ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година.

Име и презиме: ______________________ Назив на фирмата: ______________________

Адреса: ______________________ Место: ______________________

Телефон: ______________________ Телефакс: ______________ e-mail: ______________________

(М.П) Нарачател,

______________

Доказ за извршена уплата на жиро сметка 300000000188798 и порачката испратете ги на адреса на ЈП Службен весник на РМ, бул. „Партизански одреди" 29, Скопје, п.фах 51 или на телефакс +389-2-311-22-67

**НОВО, НОВО, НОВО !!!**

# КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

**- ИНТЕГРАЛЕН ТЕКСТ -**
**СО КРАТКИ УПАТСТВА, ОБЈАСНУВАЊА**
**И РЕГИСТАР НА ПОИМИТЕ**
(360 страници – брош подврска)
од Проф. Д-р Методија Каневчев
Цена - 700,00 денари

# З А К О Н
# ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

(Редакциски текст - 140 страници – брош подврска)
Цена - 660,00 денари

# З А К О Н
# ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

**СО КОМЕНТАР**
(318 страници – брош подврска)
од Проф. Д-р Симеон Гелевски
Цена - 600,00 денари

## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо го порачувам изданието

1. **Кривичен законик** во ___________ примероци.
2. **Закон за работните односи** во ___________ примероци.
3. **Закон за општата управна постапка** во ___________ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000 - Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: ______________________________________________

Место: _________ ул. __________________ бр. _____, тел/факс ___________

Потпис на порачателот

Во _________, _______200__ година. (М.П.) ____________________

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; данокот на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност)* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина)* | 700.00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва, со вовед,** *2004* | 800.00 |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004 (со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 5 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 6 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Камбовски (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 700.00 |
| 7 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2002* | 150.00 |
| 8 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 9 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 660.00 |
| 10 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 11 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Законот за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 12 | **Закон за денационализација** (со коментар, образложенија и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стојај, Мр М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 14 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)* | |
| | на македонски јазик (мек повез) | 300.00 |
| | на англиски јазик (мек повез) | 400.00 |
| 15 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 5200.00 |
| 16 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 1500.00 |
| 17 | **Регистар на прописи на РМ** | 3700.00 |
| 18 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

-✂- · - · - · - · -✂- · - · - · - · -✂- · - · - · - · -✂-

## П О Р А Ч К А Бр. 108

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2005 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.